# И З В Е Ш Т А Ј

## за изборот на најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонска берза АД Скопје во 2014 година добитници на наградата „Кристално ѕвоно”

***МЕТОДОЛОГИЈА***

Изборот на годинешната награда „Кристално ѕвоно” се одвиваше во **две фази: елиминационо ниво и избор**. Во првата фаза, односно во елиминационото ниво, врз основа на критериумите за избор, **Кандидационата комисија**, формира **листа од 10 котирани акционерски друштва – кандидати** за доделување на наградата „Кристално ѕвоно”.

При разгледувањето на транспаретноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на претходната година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и др.

Кандидационата комисија одлучи на Изборната комисија за доделување на наградата „Кристално ѕвоно” да ја предложи **следната листа на котирани друштва за избор на добитници на наградата „Кристално ѕвоно”** за најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонската берза за 2014 година, дадени **по азбучен ред**:

- Алкалоид АД Скопје
- Витаминка АД Прилеп
- Комерцијална банка АД Скопје
- Македонијатурист АД Скопје
- Македонски телеком Скопје
- Макпетрол АД Скопје
- НЛБ Тутунска банка АД Скопје
- Охридска банка Скопје
- Стопанска банка АД Битола и
- ТТК банка АД Скопје.

Со цел пошироко инволвирање на релевантви преставници во конечниот избор на добитникот на наградата во втората фаза - **избор на добитникот на наградата „Кристално ѕвоно”** се изврши оценување на друштвата според разработена методологија од страна на преставници на следниве **целни групи**:

- „Јавност“, во која влегуваат претставници на медиумите и експерти од обласа на финансиите и
- „Пазарни учесници“, во која влегуваат претставници на членките на Берзата, претставници на институционалните инвеститори и претставници на Берзата.

Категории за оценување на најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонска берза се следните:

- Изработка на годишен извештај на друштвото и негов квалитет;
- Обем на информации на интернет страницата на друштвото;

- Начин на комуникација на друштвото со јавноста и пазарните учесници;
- Квалитет на објавени и јавно достапни информации.

Сите претставници од целните групи ги оценуваа избраните 10 котирани друштва по сите четири наведени категории. Секоја категорија носи поединечно најмногу 10 поени за секое друштво, а целните групи ги оценуваат со оценки од 1 до 10, за секое друштво.

До Берзата во предвидениот рок од вкупно 15 претставници кои учествуваа во изборот пристигнаа целосно пополнети 14 одговори и оценки.

Оценките од сите оценувачи се собираат по категории за секое друштво и се делат со бројот на оценувачи, за да се добие просечна оценка за друштвото по категорија.

Упросечените оценки по категории се собираат за секое друштво, при што едно друштво за една категорија не може да добие просечна оценка повисока од 10 поени, додека вкупниот број на поени кои едно друштво може да добие изнесува најмногу 40.

Согласно бодирањето на секој член на Целните групи **ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНИ КОТИРАНИ ДРУШТВА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА 2014 ГОДИНА СЕ ИЗБРАА:**

**I Место** **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

**II Место** **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**

**III Место** **НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

Во продолжение на овој Извештај ја презентираме табелата за добиените оценки од целните групи по категории (Прилог 1).

**ПРИЛОГ 1. ОЦЕНКИ ПО КРИТЕРУМИ**

| ДРУШТВО / КРИТЕРИУМИ | Изработка на Годишен извештај на друштвото и негов квалитет | Обем на информации на интернет страницата на друштвото | Начин на комуникација на друштвото со јавноста и пазарните учесници | Квалитет на објавени и јавно достапни информации | ВКУПНО ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид АД Скопје | 9,80 | 9,13 | 9,13 | 9,20 | **37,27** |
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,27 | 9,00 | 8,60 | 8,73 | **35,60** |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 8,67 | 8,60 | 8,20 | 8,07 | **33,53** |
| Македонски Телеком АД Скопје | 8,40 | 8,20 | 7,67 | 7,87 | **32,13** |
| Охридска банка Скопје | 7,67 | 7,20 | 6,87 | 7,00 | **28,73** |
| Стопанска банка АД Битола | 7,73 | 6,87 | 6,60 | 6,93 | **28,13** |
| Витаминка АД Прилеп | 7,40 | 6,60 | 6,93 | 6,27 | **27,20** |
| ТТК банка АД Скопје | 7,33 | 6,60 | 6,53 | 6,60 | **27,07** |
| Македонијатурист АД Скопје | 7,27 | 6,73 | 6,07 | 6,47 | **26,53** |
| Макпетрол АД Скопје | 7,27 | 5,73 | 4,73 | 5,93 | **23,67** |